# ЗАПИСНИК

Од одржаната 46-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 26.04.2024 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од 9 советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски Александар Канзуровски, и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Оливера Димитровска - раководител и Николина Лозановска - советник.

Гости на 46-та седница на Советот на Општина Новаци беше Гордана Нешковска, вработена во ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци и Андреј Наумовски - престедател на „Младинска Граганска Акција“.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 45-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 31.03.2024 год.;
3. Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество -кофинансирање на Општина Новаци во реализација на активностите на проект „ Зајакнување на луѓето од Пелагонија – II “ ( Small- Scale пилот проекти)
4. Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош:

1. Разгледување на Барање за финансиска помош на Сузана Аврамовска од с.Новаци;
2. Разгледување на Барање за финансиска помош на Анита Митревска од с.Рапеш;
3. Разгледување на Барање за финансиска помош на Живко Стојановски од с.Гемијан;

Пред да се разгледа Дневниот ред на 46-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни со 1 (една) точка, која поради својата итност, неодложно треба да се разгледа на оваа седница.

1. Разгледување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 год. (прв квартал)

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** го прифати предлогот за изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред, така што Дневниот ред на 46-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени е составен од 8 (осум) точки, со тоа што точката бр. 4 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 8.

**1 точка** Разгледување и усвојување на Записникот од 45-та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето, Записникот од 45-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за**.

**2 точка** Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 31.03.2024 г.;

По однос на втората точка, Оливера Димитровска – раководител, пред советниците детално го објасни финансиското работење на Општина Новаци во првите 3 месеци од календарската година и изјави дека реализирањето на буџетот е на задоволително ниво односно на 30 % е реализиран во однос на планираниот буџет и тоа како по однос на приходите, така и по однос на расходите. Во однос на обврските од кредитни линии, се оди со кунтинуирано и предвидено темпо на намалување.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше по однос на втората точка така што со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 31.03.2024 г.

**3 точка** Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество -кофинансирање на Општина Новаци во реализација на активностите на проект „ Зајакнување на луѓето од Пелагонија – II “ ( Small- Scale пилот проекти);

Андреј Наумовски - престедател на „Младинска Граганска Акција“ по однос на оваа точка пред советниците даде објаснување за самиот проект и за потребното кофинансирање. Имено ова е втор проект кој е финансиран од програмата „МАТРА“ чија вкупна вредност е 2000 евра (124.000,00 ден.) од донатор, додека кофинасирањето од страна на Општина Новаци изнесува 1.500,00 евра ( 93 000,00 ден.). Средствата ќе се наменат за купување на опрема за Младинскиот културен центар.

По кратка дискусија, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за сопствено учество - кофинансирање на Општина Новаци во реализација на активностите на проект „Зајакнување на луѓето од Пелагонија – II“ ( Small- Scale пилот проекти).

**4 точка** Разгледување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 год. (прв квартал);

Гордана Нешковска, вработена ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци, пред советниците го образложи финансиското работење на ЈПКД „Комунална Хигиена“ во првите три месеци при што е остварен позитивен финансиски резултата – добивка во износ 2.558,00 ден.Советничката Сузана Јовановска постави прашање како оди исплатата на кредитот за кој ЈПКД „Комунална Хигиена“ доби субвенции од Општина Новаци, на што Нешковска одговори дека исплатата оди паралелно со префрлувањето на субвенциите од општината т.е континуирано секој месец редовно се уплаќа одреден износ т.е рата.

Советот на Општина Новаци по дискусијата гласаше, така што со со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за период од 01.01.2024 до 31.03.2024год. (прв квартал).

**5 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Сузана Аврамовска од с.Новаци;

Советниците го разгледаа Барањето на Сузана Аврамовска од с. Новаци, мајка на малолетна ќерка, како еднородителско семејство чиј сопруг неодамна почина, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Сузана Аврамовска од с.Новаци во износ од 20.000,00 ден.

**6 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Анита Митревска од с.Рапеш;

Советниците го разгледаа Барањето на Анита Митревска од с.Рапеш, како лице со посебни потреби , така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Анита Митревска од с. Рапеш во износ од 20.000,00 ден.

**7 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Живко Стојановски од с.Гемијан;

Советниците го разгледаа Барањето на Живко Стојановски од с.Гемијан, примател на туѓа нега како лице со здравствени проблеми, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Живко Стојановски од с.Гемијан во износ од 20.000,00 ден.

**8 точка:** Советнички прашања

Советникот Љупчо Петровски постави прашање до Градоначалникот Стевановски, до каде е реконструкцијата на патот на делницата Добромири – Г.Агларци. Градоначалникот Стевановски одговори дека овој дел од регионалниот пат е предвидено да се асфатира, но поради временските услови тоа се одложи. Во комуникацијата со изведувачите која ја оствари во текот на седницата, доби информација дека асвалтирањето ќе започне во понеделник на 29.04.2024 год. и за многу кратко време ќе биде завршено.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од Дневениот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 46-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска